Врз основа на член 208, став 1, точка 17 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 9, став 1, алинеја 1 од Правилникот за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 478/2020), Ректорската управа, на седницата одржана на 22.1.2021 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за научноистражувачки проекти

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат корисниците, критериумите и постапката за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот, наменети за научноистражувачки проекти.

## II. Корисници

**Член 2**

Корисници на средствата од интегративните функции наменети за научноистражувачки проекти (во понатамошниот текст: фонд за наука) се: Универзитетот, факултетите, научните институти во состав на Универзитетот и внатрешните организациони единици на Универзитетот.

Еден корисник во текот на годината може да искористи средства за оваа намена само еднаш, во износ не поголем од 30 % од вкупните средства на фондот за наука за тековната година.

## III. Критериуми

**Член 3**

Критериумите за доделување на средства ги изготвува Комисијата за наука.

Критериумите од став 1 на овој член се составен дел на конкурсот.

## IV. Постапка

*Конкурс*

**Член 4**

Средствата за научноистражувачки проекти се доделуваат врз основа на конкурс.

Конкурсот го објавува Ректорската управа, на почеток на зимскиот семестар.

Конкурсот содржи: критериуми, рокови и постапка за реализација, вкупен буџет за научноистражувачки проект, елементи на пријавата за научноистражувачки проект и елементи на финалниот извештај.

*Пријава по конкурсот*

**Член 5**

Пријавата за доделување на средства за научноистражувачки проект по конкурсот од член 4, став 3 (во натамошниот текст: пријава) се поднесува со пополнет Образец 1 (во прилог на овој Правилник) и содржи:

- назив на проектот, назив на единицата носител, раководител и учесници во проектот;
- проектни цели, активности, очекувани резултати и термин-план за изработка;
- прелиминарен буџет на проектот, согласно со критериумите за распределба на буџетот дадени во конкурсот;
- одлука на наставно-научниот, односно научниот совет на единицата за прифаќање на пријавата за проект со која единицата аплицира на конкурсот.

**Член 6**

Пријавата од член 5, став 1 на овој Правилник се доставува до Комисијата за наука на Универзитетот.

Комисијата има право да бара дополнителна документација, заради утврдување на оправданоста на пријавата.

**Член 7**

Комисијата изготвува предлог и го доставува до ректорот.

Ректорот може да го прифати целосно или делумно или со соодветно образложение да не го прифати предлогот на Комисијата за наука, за што донесува соодветна одлука.

Предлогот на Комисијата од став 1 и одлуката на ректорот од став 2 на овој член

се доставуваат до Ректорската управа, која донесува конечна одлука.

*Повеќе барања*

**Член 8**

Секоја единица поднесува една пријава по конкурсот.

Во случај кога се поднесени повеќе барања до единицата, единицата, врз претходно усвоени свои критериуми, врши интерна селекција на пријавите по конкурсот и избира пријава со која аплицира на конкурсот.

Одлуката донесена на наставно-научниот, односно научниот совет за избор на пријава за проект по конкурсот е составен дел на проектната апликација.

## V. Извештај за реализација на проектот

**Член 9**

Корисникот на доделени средства од овој Правилник доставува извештај за реализација на проектот, најдоцна 2 (два) месеца по рокот за негова финализација, до Комисијата за наука и Комисијата за финансии, инвестиции и развој.

Извештајот од став 1 на овој член се изготвува на Образец 2 (Наративен извештај за научноистражувачки проект) и Образец 3 (Финансиски извештај за научноистражувачки проект), дадени во прилог на овој Правилник.

Образец 2 содржи: назив на проектот, назив на единицата носител, раководител и учесници во проектот, опис на извршени активности, преглед на резултатите, доказ дека публикациите кои се резултат на реализираниот проект се поставени на Репозиториумот на Универзитетот и табеларен преглед за реализацијата на доделените средства согласно со конкурсните услови и одлука на наставно-научниот, односно научниот совет на единицата за прифаќање на извештајот за проект.

Образец 3 содржи: преглед на направените трошоци по ставки, кои треба да се совпаѓаат со предвидените трошоци по ставки содржани во пријавата од член 5, како и преглед на документите во целокупната придружна финансиска документација, доставени како докази за сите реализирани трошоци.

Доставениот извештај од став 1 на овој член оди на разгледување на: Комисија за наука и Комисија за финансии, инвестиции и развој.

*Извештај до Комисијата за наука*

**Член 10**

Комисијата за наука го прегледува извештајот за реализација на проектот поднесен од корисникот, со евалуација на Образец 2.

Комисијата за наука има право да бара и друга документација во врска со проектот и неговата реализација.

Доколку Комисијата за наука го прифати извештајот, за тоа ја известува Комисијата за финансии, инвестиции и развој.

Доколку Комисијата за наука не го прифати извештајот, за тоа ги известува корисникот и Комисијата за финансии, инвестиции и развој.

*Извештај до Комисијата за финансии, инвестиции и развој*

**Член 11**

Комисијата за финансии, инвестиции и развој го прегледува извештајот за реализација на проектот поднесен од корисникот, со евалуација на Образец бр. 3 и преглед на доказите за реализираните трошоци.

Комисијата за финансии, инвестиции и развој има право да бара и друга документација во врска со проектот и неговата реализација.

Доколку Комисијата за финансии, инвестиции и развој го прифати извештајот, ѝ предлага на Ректорската управа, која донесува конечна одлука.

Доколку Комисијата за финансии, инвестиции и развој не го прифати извештајот, за тоа ги известува корисникот, Комисијата за наука, ректорот и Ректорската управа, која донесува конечна одлука.

*Контрола на потрошените средства*

**Член 12**

Универзитетот има право во секое време да врши контрола на трошењето на доделените средства. Начинот на вршење на контрола го утврдува ректорот на Универзитетот (преку внатрешен или надворешен ревизор, други стручни лица и сл.).

*Пренамена на средства*

**Член 13**

Пренамена на средствата до максимум 10 % од доделените средства од Универзитетот е дозволена со детална елаборација на причината во извештајот на проектот, освен за пренамена во ставка за трошоци за хонорари.

Во случај на потреба од пренамена на средствата во други исклучителни случаи, на поднесено барање од корисникот, Комисијата за наука носи согласност за пренамена на средствата и таа е дел од извештајот на проектот.

*Враќање на потрошените средства*

**Член 14**

Универзитетот има право да бара доделените средства да му бидат вратени ако:

- корисникот не достави извештај;
- Ректорската управа не го усвои извештајот;
- се утврди дека средствата се ненаменски потрошени;
- во други случаи утврдени со закон.

Корисниците кај кои се утврдени случаите од ставот 1 од овој член, немаат право да бидат корисници на средствата од член 1 на овој Правилник во наредната година.

**VI.** Преодни и завршни одредби

**Член 15**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за активности поврзани со научноистражувачката дејност (Универзитетски гласник бр. 155/2010, бр. 167/2011 и бр. 206/2012, со променет назив: Правилник за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за научноистражувачки проекти.

Проектите што се пријавени според објавен конкурс пред влегувањето во сила на овој Правилник, ќе се реализираат согласно со условите и критериумите според кои им се доделени средствата.

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

НИП - Образец-1

# ПРИЈАВА[1]
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

**финансиран од интегративните средства на Универзитетот**

| | |
|---|---|
| **Единица на УКИМ – носител на проектот** | |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | |
| **Акроним** | |
| **Клучни зборови** | |
| **Научноистражувачко подрачје** | |
| **Научноистражувачко поле** | |
| **Поднесок по конкурс** (бр./датум) | |
| **Времетраење на проектот** | 12 месеци |
| **Одлука за прифаќање на пријавата од ННС/НС** (бр./датум) | |

| | |
|---|---|
| **Главен истражувач (име и презиме, звање, потпис)** | |

**Скопје, __________година** **Декан/Директор**

Име и презиме, звање

_______________________(потпис)

[1] Пријавата за доделување средства за научноистражувачкиот проект е составена од:
- изготвен Образец 1,
- придружно писмо за доставување пријава од единицата на Универзитетот и
- одлука од наставно-научниот или научниот совет на единицата за прифаќање на пријавата.

**РЕЗИМЕ** (на македонски јазик и англиски јазик)
(макс. 1 стр., А4-формат, фонт Times New Roman, големина 10, единечен проред)

**ДЕЛ I**

**Основни податоци за проектот**
(до 5 стр., А4-формат, фонт Times New Roman, големина 10, единечен проред)

1. **Предмет на истражување**
   - Кус преглед на сознанијата во научната област на која припаѓа предметот на истражување.
   - Опис на предметот на истражување на предлог-проектот (главни идеи, истражувачки прашања, хипотези, модели или претпоставки).
   - Осврт за потребата од овој проект во рамки на УКИМ и во рамки на пошироката научна заедница.
   - Поврзаност со претходни истражувања на тимот во предлог-проектот.
2. **Цели на предлог-проектот**
   - Наведете ги целите на проектот со кусо образложение (не повеќе од три цели).
   - Целите треба да бидат јасни, мерливи, реалистични и да може да се реализираат во временската рамка на проектот. Потребно е да се прикажат активностите преку кои ќе се реализираат целите и индикаторите со кои ќе се следи реализацијата на секоја активност.

| Цели / активности за реализација на целта | Индикатор за следење на реализацијата (И) |
|---|---|
| 1. Цел | |
| 1.1. Активност... | |
| ... | |
| 3. Цел | |
| 3.1. Активност... | |
| ... | |

3. **Методологија на истражување**
   - Опишете ја методологијата која ќе ја користите во истражувањето.
   - Наведете ги фазите на истражување со предвидените активности во нив.
4. **Временска рамка за реализација**

Преглед на активностите по фази на истражување во согласност со методологијата, со временската рамка за реализација претставена во табела-гантограм, во која се внесени целите, активностите за реализација на секоја од целите, индикаторите (И) и испораката на резултатите (Р) преку кои се следи реализацијата на целите.

| Цели / активности | Временска рамка за реализација на проектот (месеци) | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цели/активности | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1. Цел | | | | | Р1 | | | | | | | |
| 1.1. Активност... | | И1 | | | | | | | | | | |
| 1.2. Активност... | | | | И2 | | | | | | | | |
| ... | | | | | | | | | | | | |
| 2. Цел | | | | | | | | | | | | |
| 2.1. Активност... | | | | | | | | | | | | |
| ... | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

*И – исполнет индикатор
*Р – испорачан резултат

5. **Очекувани резултати**
   - Таксативно наведете ги очекуваните резултати и поврзете ги со целта и времето кога ќе бидат постигнати.
   - Објаснете ги очекуваните резултати од научното истражување во две насоки: научен придонес и придонес во подобрување на научноистражувачката позиција на УКИМ.
6. **Публикување на резултатите**
   - Презентација на проектот со резиме, цели и резултати на веб-страницата

на единицата и обезбедување на линк кон УКИМ.

- Се препорачува публикување на резултатите во списание или презентација на научен/стручен собир, односно настан соодветен на научноистражувачкото подрачје.

**ДЕЛ II**

**2.1. Финансиски план**

Во согласност со критериумите дадени во конкурсот, да се достави преглед на планираните трошоци за реализација на проектот, согласно со табелата по категории за кои се предвидуваат трошоци.

Висината на средствата за реализација на проектот се определува со конкурс, за секоја академска година, во согласност со одлука на Ректорската управа на Универзитетот.

Во прилог се доставува одлуката за прифаќање на пријавата од ННС/НС на единицата на Универзитетот.

| Бр. | Вид на трошок | Денари | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Авторски хонорари | | |
| 2 | Лабораториска опрема | | |
| 3 | Информатичка опрема | | |
| 4 | Патни и дневни трошоци | | |
| 5 | Литература и софтвер | | |
| 6 | Материјални трошоци | | |
| | **ВКУПНО** | | |

**ДЕЛ III**

**3.1. Истражувачки тим за реализација на проектот**

| Учесници во истражувачкиот тим (име, презиме, звање, единица, потпис) | |
|---|---|
| Главен истражувач | |
| Членови на истражувачкиот тим | |
| Истражувач | |
| Истражувач | |
| ... | |

**3.2. Главен истражувач**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Титула | |
| Позиција | |

**ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 3 ГОДИНИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Во списанија со импакт-фактор согласно со Clarivate Analytics

| | Податоци за трудот (автор-и; наслов на трудот; списание; број, година, IF, страници – од - до) | Веб-страница од содржината на бројот на списанието во кој е отпечатена статијата | Веб-страница од каде што може да се види дека списанието има Clarivate Analytics-импакт-фактор |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| ... | | | |

Во меѓународни научни списанија (во согласност со Законот за високото образование)

| | Податоци за трудот (автор-и; наслов на трудот; списание; број, година, страници - од - до) | Веб-страница од содржината на бројот на списанието во кој е отпечатена статијата | Веб-страница од каде што може да се види доколку списанието припаѓа на SCIMago-базата на SCOPUS |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| ... | | | |

**Задолженија во предлог-проектот**

| | Задолженија |
|---|---|
| 1 | |
| 2 | |
| ... | |

### 3.3. <u>Истражувачи</u>

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Титула | |
| Позиција | |

**ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 3 ГОДИНИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

Во списанија со импакт фактор согласно со Clarivate Analytics

| | Податоци за трудот (автор-и; наслов на трудот; списание; број, година, IF, страници - од - до) | Веб-страница од содржината на бројот на списанието во кој е отпечатена статијата | Веб-страница од каде што може да се види дека списанието има Clarivate Analytics-импакт-фактор |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| ... | | | |

Во меѓународни научни списанија (согласно Законот за високо образование)

| | Податоци за трудот (автор-и; наслов на трудот; списание; број, година, страници - од - до) | Веб-страница од содржината на бројот на списанието во кој е отпечатена статијата | Веб-страница од каде што може да се види доколку списанието припаѓа на SCIMagoна SCOPUS |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| ... | | | |

**Задолженија во предлог-проектот**

| | Задолженија |
|---|---|
| 1 | |
| 2 | |
| ... | |

НИП - Образец-2

# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ[2]
# ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

**финансиран од интегративните средства на Универзитетот**

| | |
|---|---|
| **Единица на УКИМ – носител на проектот** | |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | |
| **Акроним** | |
| **Клучни зборови** | |
| **Научноистражувачко подрачје** | |
| **Научноистражувачко поле** | |
| **Поднесок по конкурс** (бр./датум) | |
| **Период на реализација** (од - до) | |
| **Одлука за прифаќање на извештај од ННС/НС** (бр./датум) | |

| | |
|---|---|
| **Главен истражувач (име и презиме, звање, потпис)** | |

**Скопје, __________година**

**Декан/Директор**

Име и презиме, звање
____________________(потпис)

[2] Комплетниот Извештај за научноистражувачкиот проект е составен од:
- изготвени Образец 2 (наративен извештај) и Образец 3 (финансиски извештај),
- придружно писмо за доставување извештај од единицата на Универзитетот и
- одлука од наставно-научниот или научниот совет на единицата за прифаќање на извештајот.

**ДЕЛ I**
(А4-формат, фонт Times New Roman, големина 10, единечен проред)

**1.1. Преглед на целите на истражувањето со нивна временска рамка предвидени во предлог-проектот**

**1.2. Преглед на реализираните активности со кои се оствариле целите и индикаторите со кои се следела реализацијата на целите и постигнувањето на резултатите**

**1.3. Детален осврт на реализацијата на истражувањето и остварените резултати**

**1.4. Објавени резултати кои произлегуваат од проектот**
Преглед на публикувани резултати во списанија и/или научни/стручни собири.
Преглед со доказ дека публикациите кои се резултат на реализираниот проект се поставени на Репозиториумот на Универзитетот.

**1.5. Преглед на набавена истражувачка опрема (доколку има)**

**1.6. Корисници на остварените резултати, начини на пренесување и примена**

**1.7. Резиме на остварените резултати**
(на македонски и англиски јазик) (1 страница, А4-формат, фонт Times New Roman, големина 10, единечен проред)

**ДЕЛ II**

**2.1. Финансиски преглед на искористени средства**

Сумарен преглед на искористени средства за реализација на проектот, по видови на трошоци.
Во прилог се доставува одлуката за прифаќање на извештајот за проектот од ННС/НС на единицата на Универзитетот.

| Бр. | Вид на трошок | Денари | Процент |
|---|---|---|---|
| 1 | Авторски хонорари | | |
| 2 | Лабораториска опрема | | |
| 3 | Информатичка опрема | | |
| 4 | Патни и дневни трошоци | | |
| 5 | Литература и софтвер | | |
| 6 | Материјални трошоци | | |
| ВКУПНО | | | |

**ДЕЛ III**

**3.1. Учесници во реализацијата на проектот**

| Учесници во истражувачкиот тим (име, презиме, звање, единица, потпис) | |
|---|---|
| Главен истражувач | |
| Членови на истражувачкиот тим | |
| Истражувач | |
| Истражувач | |
| Истражувач | |
| ... | |

НИП - Образец-3

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ[3]**
**ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ**

**финансиран од интегративните средства на Универзитетот**

| | |
|---|---|
| **Единица на УКИМ - носител на проектот** | |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | |
| **Акроним** | |
| **Клучни зборови** | |
| **Научноистражувачко подрачје** | |
| **Научноистражувачко поле** | |
| **Поднесок по конкурс** (бр./датум) | |
| **Период на реализација** (од - до) | |
| **Одлука за прифаќање на извештај од ННС/НС** (бр./датум) | |

| | |
|---|---|
| **Главен истражувач (име и презиме, звање, потпис)** | |

**Скопје, __________година**

**Декан/Директор**
Име и презиме, звање
___________________(потпис)

[3] Комплетниот извештај за научноистражувачкиот проект е составен од:
- изготвени Образец 2 (наративен извештај) и Образец 3 (финансиски извештај),
- придружно писмо за доставување извештај од единицата на Универзитетот и
- одлука од наставно-научниот или научниот совет на единицата за прифаќање на извештајот.

## ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ТРОШОЦИ

Финансискиот извештај го сочинуваат прегледни табели и придружни документи, како докази кои ги оправдуваат реализираните трошоци.

Потребните елементи на финансискиот извештај се:

1.4. Табеларен приказ на одобрениот буџет и потрошени средства по категории (табела 1.1., дадена во Прилог 1)

1.5. Табеларен приказ на генерална спецификација со износи на вкупни потрошени средства за секоја категорија на буџетот одделно, при што дополнително во одделни табели се подготвува детална спецификација за секоја буџетска категорија. Во табелата со генералната спецификација се наведува вредноста на утврдената разлика над/под дозволена сума по категорија од предлог-буџетот, согласно со член 13 од Правилникот (табела 1.2. Генерална спецификација во Прилог 2)

1.5.1. Табеларен преглед на детална спецификација за секоја буџетска категорија со доставени придружни сметки, фактури и друга релевантна документација со која се оправдуваат трошоците (табели 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8. Детални спецификации за секоја буџетска категорија, дадени во Прилог 2)

1.6. Изјава на деканот/директорот дека доставените докази (сметки, фактури и друга релевантна документација) се верни на оригиналот (Прилог 3), доколку тие не се приложени во оригинал.

1.7. Изјава на деканот/директорот дека доказите со кои се оправдуваат спроведените активности за проектот истовремено не се дел од финансиски извештај на друг проект (Прилог 3).

**ПРИЛОГ 1:**

**Табела 1.1. Табеларен приказ на одобрениот буџет и потрошените средства по категории**

| | **Трошоци** | **Планирано, според предлог-буџет на доделените средства (ден)** | **Потрошено (ден)** |
|---|---|---|---|
| 1 | Авторски хонорари | | |
| 2 | Лабораториска опрема | | |
| 3 | Информатичка опрема | | |
| 4 | Патни и дневни трошоци | | |
| 5 | Литература и софтвер | | |
| 6 | Материјални трошоци | | |
| 7 | **ВКУПНО** | | |

РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Име и презиме, звање

____________________(потпис)

ДЕКАН/ДИРЕКТОР

Име и презиме, звање

____________________(потпис)

**ПРИЛОГ 2:**

**Табела 1.2. ГЕНЕРАЛНА СПЕЦИФИКАЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА**

| **Ред. бр.** | **ОПИС** | **ИЗНОС** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1. | Спецификација 1<br>**Авторски хонорари** | | |
| 2. | Спецификација 2<br>**Лабораториска опрема** | | |
| 3. | **Информатичка опрема** | | |
| 4. | Спецификација 4<br>**Патни и дневни трооци** | | |
| 5. | Спецификација 5<br>**Литература и софтвер** | | |
| 6. | Спецификација 6<br>**Материјални трошоци** | | |
| | **Вкупно** | | |

РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Име и презиме, звање

____________________(потпис)

ДЕКАН/ДИРЕКТОР

Име и презиме, звање

____________________(потпис)

**Табела 1.3. Спецификација 1 – Авторски хонорари**

| Р. бр. | Опис | Бр. на фактура | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | Ф-ра бр. | |
| 2. | | Ф-ра бр. | |
| 3. | | Ф-ра бр. | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | |

**НАПОМЕНА:** За секој спецификиран трошок се доставува релевантна документација како доказ за направениот трошок и се подредува по истиот редослед како што се наведени во спецификацијата.

Доколку се доставуваат скенирани документи, тие треба да се скенираат по наведениот редослед и да се испратат на наведената е-адреса.

**Табела 1.4. Спецификација 2 - Лабораториска опрема** (опрема неопходна за изведување на експеримент поврзан со научната тема)

| **Р. бр.** | **Опис** | **Бр. на фактура** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1. | | Ф-ра бр. | |
| 2. | | Ф-ра бр. | |
| 3. | | Ф-ра бр. | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | |

**НАПОМЕНА:** За секој спецификиран трошок се доставува релевантна документација како доказ за направениот трошок и се подредува по истиот редослед како што се наведени во спецификацијата.

Доколку се доставуваат скенирани документи, тие треба да се скенираат по наведениот редослед и да се испратат на наведената е-адреса.

**Табела 1.5. Спецификација 3 - Информатичка опрема**

| Р. бр. | Опис | Бр. на фактура | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | Ф-ра бр. | |
| 2. | | Ф-ра бр. | |
| 3. | | Ф-ра бр. | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | |

**НАПОМЕНА:** За секој специфициран трошок се доставува релевантна документација како доказ за направениот трошок и се подредува по истиот редослед како што се наведени во спецификацијата.

Доколку се доставуваат скенирани документи, тие треба да се скенираат по наведениот редослед и да се испратат на наведената е-адреса.

**Табела 1.6. Спецификација 4 - Патни и дневни трошоци** (патувања поврзани со научната тема и презентација на резултатите од истражувањата)

| Р. бр. | Опис | Бр. на фактура | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | Ф-ра бр. | |
| 2. | | Ф-ра бр. | |
| 3. | | Ф-ра бр. | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | |

**НАПОМЕНА:** За секој специфициран трошок се доставува релевантна документација како доказ за направениот трошок и се подредува по истиот редослед како што се наведени во спецификацијата.
Доколку се доставуваат скенирани документи, тие треба да се скенираат по наведениот редослед и да се испратат на наведената е-адреса.
Доколку се работи за повеќе сметки, се прави табела со сметките и износите и збир. Ако се работи за девизни сметки, се наведуваат и денарските износи.

**Табела 1.7. Спецификација 5 - Литература и софтвер**

| Р. бр. | Опис | Бр. на фактура | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | Ф-ра бр. | |
| 2. | | Ф-ра бр. | |
| 3. | | Ф-ра бр. | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | |

**НАПОМЕНА:** За секој специфициран трошок се доставува релевантна документација како доказ за направениот трошок и се подредува по истиот редослед како што се наведени во спецификацијата.

Доколку се доставуваат скенирани документи, тие треба да се скенираат по наведениот редослед и да се испратат на наведената е-адреса.

**Табела 1.8. Спецификација 6 - Материјални трошоци**

| Р. бр. | Опис | Бр. на фактура | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | Ф-ра бр. | |
| 2. | | Ф-ра бр. | |
| 3. | | Ф-ра бр. | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | **Вкупно** | |

**НАПОМЕНА:** За секој специфициран трошок се доставува релевантна документација како доказ за направениот трошок и се подредува по истиот редослед како што се наведени во спецификацијата.

Доколку се доставуваат скенирани документи, тие треба да се скенираат по наведениот редослед и да се испратат на наведената е-адреса.

**ПРИЛОГ 3**:

# ИЗЈАВА

Јас, ---------------------------------------, декан/директор на ------------------------------------------ Факултет/Институт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека доставените докази (сметки, фактури и друга релевантна документација) се точни и веродостојни.

Декан/Директор

Датум ---------------------- ----------------------------------

# ИЗЈАВА

Јас, ----------------------------------------, декан/директор на ------------------------------------------------------

Факултет/Институт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека доставените докази со кои се оправдуваат спроведените активности на проектот: ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------не се дел од финансиското известување на друг проект.

Датум ---------------------------------

Декан/Директор

-----------------------------------